Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ПРОГОНУВАНИТЕ И ЗАТВОРАНИТЕ ЛИЦА ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јули 2005 година.

Бр. 07-2814/1
15 јули 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВАТА НА ПРОГОНУВАНИТЕ И ЗАТВОРАНИТЕ ЛИЦА ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Во Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2002), по членот 1 се додаваат три нови члена 1- а, 1-б и 1-в, кои гласат:

"Член 1-а

За прогонувано и затворано лице за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност (во натамошниот текст: прогонувано лице), во смисла на овој закон, се смета лице кое во периодот од 1945 до 1991 година, на политичка и идеолошка основа, а поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија било:

1) затворано;

2) осудено на смртна казна или на казна затвор;

3) испратено на поправителна работа;

4) испратено на принудна работа и

5) интернирано.

Член 1-б

За затворано лице во смисла на членот 1-а точка 1 од овој закон се смета лице кое врз основа на правосилна судска одлука издржувало казна затвор или на друг начин без спроведување на судска постапка било упатено на издржување и издржувало казна затвор, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За осудувано лице на смртна казна или на казна затвор во смисла на членот 1-а точка 2 од овој закон се смета лице кое со правосилна судска пресуда е осудено на смртна казна или на казна затвор за кривични дела за пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За лице кое е испратено на поправителна или на принудна работа во смисла на членот 1-а точки 3 и 4 од овој закон се смета лице кое врз основа на правосилна судска одлука или на друг начин без спроведување на судска постапка било испратено на поправителна или на принудна работа при што било присилено да работи на одредена работа и под одреден режим, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

За интернирано лице во смисла на членот 1-а точка 5 од овој закон се смета лице на кое државата му одредила принудно место на престојување при што лицето било принудено да го напушти својот дом, поради пројавените идеи и активности за создавање на независна, обединета и демократска држава Македонија.

Член 1-в

За прогонувано и затворано лице во смисла на овој закон се смета и лице кое е лишено од живот или од слобода без правосилна судска одлука."

Член 2

Во членот 4 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Документацијата потребна за утврдување на својството на прогонувано лице од членовите 1-а и 1-б од овој закон, како и за остварување на правата утврдени со овој закон со посебен акт ги пропишува министерот за финансии, во согласност со министерот за труд и социјална политика и министерот за внатрешни работи."

Член 3

Во членот 5 став 1 точката 2 се брише.

Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 2, 3 и 4.

Член 4

Во членот 10 по зборовите: "освен правата за материјално обезбедување" се става запирка, а зборовите: "и еднократен паричен надоместок " се бришат.

Член 5

Министерот за финансии во согласност со министерот за труд и социјална политика и министерот за внатрешни работи актот од членот 2 на овој закон ќе го донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".